**2017008068**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 6 став (8) од Законот за даночни, царински и други фискални погодности во врска со одржувањето на УЕФА Супер Куп 2017 во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 190/16) министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ, ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ, АКЦИЗА И НАДОМЕСТОЦИ ПРИ УВОЗ НА СТОКА/ДОБРА, ВКЛУЧУВАЈЌИ И ПРИВРЕМЕН УВОЗ СО ДЕЛУМНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ИЗВРШЕНИ ОД СТРАНА НА УЕФА, ПОВРЗАНИТЕ ЛИЦА НА УЕФА И ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА УВОЗНИ ДАВАЧКИ, ДАНОК НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ, АКЦИЗА И НАДОМЕСТОЦИ ПРИ УВОЗ НА СТОКА/ДОБРА, ВКЛУЧУВАЈЌИ И ПРИВРЕМЕН УВОЗ СО ДЕЛУМНО ОСЛОБОДУВАЊЕ ИЗВРШЕНИ ОД СТРАНА НА УЕФА, ПОВРЗАНИТЕ ЛИЦА НА УЕФА И ФУДБАЛСКИТЕ КЛУБОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на стока/добра, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, извршени од страна на УЕФА, поврзаните лица на УЕФА и фудбалските клубови и формата и содржината на потврдата за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на стока/добра, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, извршени од страна на УЕФА, поврзаните лица на УЕФА и фудбалските клубови.

Член 2

Барањето за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на стока/добра, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, извршени од страна на УЕФА, поврзаните лица на УЕФА и фудбалските клубови, се поднесува на образец ДДВ-УЕФАСК-БО на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Потврдата за право на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на стока/добра, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, извршени од страна на УЕФА, поврзаните лица на УЕФА и фудбалските клубови, се поднесува на образец ДДВ-УЕФАСК-ПО на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на потврдата од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-303/1
16 јануари 2017 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Кирил Миноски,** с.р.

Образец: ДДВ-УЕФАСК-БО

Прилог 1

ДО: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# Б А Р А Њ Е

за ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на стока/добра, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, извршени од страна на УЕФА, поврзаните лица на УЕФА и фудбалските клубови

Молам Фудбалската федерација на Македонија согласно член 6, став (1) и став (4) од Законот за даночни, царински и други фискални погодности во врска со одржувањето на УЕФА Супер Куп 2017 во Република Македонија да ни издаде потврда дека увезените стоки/добра кои се содржани во ова барање се за цели на реализација на УЕФА Супер Куп 2017.

1.ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ :

| | |
|---|---|
| Назив на барател: | |
| Даночен број на барателот: | |
| Име и презиме на одговорното лице: | |
| Адреса/Седиште: | |

2. ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

| | |
|---|---|
| Име и презиме на лице за контакт: | |
| Телефонски број: | |
| Е- пошта: | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА СТОКИ/ДОБРА ЗА КОИ СЕ БАРА ОСЛОБОДУВАЊЕ:

| Реден број | Број и датум на фактура /профактура /договор за купопродажба, во кои е содржано доброто-стоката | Опис на стоките/ добрата (марка, вид, тип, ) | Тарифна ознака | Количина | Вредност на стоката/ доброто во странска валута |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | В К У П Н О: | |

Датум и место на поднесување

Барател

____________________________ МП ____________________________

(потпис на овластено лице)

Образец: ДДВ-УЕФАСК- ПО

Прилог 2

ДО: ______________________________

Врз основа на член 6 став (4) од Законот за даночни, царински и други фискални погодности во врска со одржувањето на УЕФА Супер Куп 2017, Фудбалска федерација на Македонија издава:

## П О Т В Р Д А

за право на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на стока/добра, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување, извршени од страна на УЕФА, поврзаните лица на УЕФА и фудбалските клубови

Врз основа на Барање бр. _________________од ________________поднесено од страна на:
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
(назив на барател)

Фудбалска федерација на Македонија, потврдува дека подносителот на барањето има право на ослободување од плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз, плаќање на увозни давачки, данок на додадена вредност, акциза и надоместоци при увоз на стока/добра, вклучувајќи и привремен увоз со делумно ослободување и тоа за стоките/добрата наведени во следните документи кои се приложени кон барањето (фактура, про-фактура или договор за купопродажба)______________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________

Потврдата се издава во 2 (два) оригинални примероци, од кои еден е за барателот, а другиот за потребите на Фудбалска федерација на Македонија.

Претседател на
Фудбалска федерација на Македонија

Бр.___________

М. П. ______________________

___ ___ 20_____ година
Скопје